2

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РСМ бр. 27/1, 199/1, 27/16, 35/18 и 198/18) и член 100 став 5 од Законот за здравствена заштита (Службен весник на РСМ бр. 43/12, 145/12, 83/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 37/16 и 20/19), Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје на ден 11.12 2019 година донесе:

# ПРАВИЛНИК

## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје бр. 02-158/4-2 од 25.01.2019 година, член 10 став 1 алинеа 2 се менува и гласи:

“активно да познаваат еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно да познаваат компјутерски програми за канцелариско работење и да имаат други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работни места за соодветното работно место”.

### Член 2

Член 11 став 1 алинеа 2 се менува и гласи:

“активно да познаваат еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно да познаваат компјутерски програми за канцелариско работење и да имаат други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работни места за соодветното работно место”.

### Член 3

Член 14 став 1 алинеа 3 се менува и гласи:

“активно да познаваат еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), активно да познаваат компјутерски програми за канцелариско работење и да имаат други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работни места за соодветното работно место”.

**Член 4**

Во член 6 став 1 точка (1) од правилникот се менуваат следните работни места и гласи:

- Ниво Г1 – Архивар I – 1,
- Ново Г1 – Самостоен референт – сметководител – 1, се менува и гласи: Ниво В3- Советник - книговодител – 1.

**Член 5**

Во член 6 став 1 точка (2) од правилникот се менуваат следните работни места и гласи:

Категорија А – здравствени работници со високо образование од областа на медицината и стоматологијата се менува:

- Ниво А2 - доктор на стоматологија -доктор на науки -редовени професори 27
- Ниво А8 - доктор на стоматологија - асистент со д-р - 16
- Ниво А11 - доктор на стоматологија - специјалист примариус - 8
- Ниво А12 - доктор на стоматологија - специјалист магистер - 10
- Ниво А14 - доктор на стоматологија - специјалист - 34
- Ниво А16 - доктор на стоматологија магистер - 12

Категорија Б – здравствени работници со високо стручно образование од областа на медицината и стоматологијата се менува:

- Ниво Б3 – друг дипломиран здравствен работник со високо стручно образование - 13

Категорија Г – здравствени работници со средно стручно образование од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата се менува:

- Ниво Г3 – стоматолошка сестра - 46
- Ниво Г3 – забен техничар - 39

**Член 6**

Во член 6 од Правилникот се менува точка (3) и гласи:

(3) Категорија Д – здравствени соработници:

- ниво Д5 - Стручен соработник – Биолог -1,
- ниво Д6 - Дипломиран социјален работник -1

**Член 7**

Во член 6 став 1 точка (3) од правилникот се менуваат следните работни места и истата станува точка (4) и гласи:



ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА • INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН • SHËN PANTELEJMON
Скопје / Shkup

(4) Работните места на помошно - техничките лица се менува во работното место:

- Подгрупа 1 Ниво Б3 – Водоинсталатер – 1, се бришеше работното место,
- Подгрупа 5 Ниво А3 - Чистач во здравствени простории – 17.

**Член 8**

Во насловот **ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА** се врши исправка на техничка грешка и гласи: **Табеларен приказ на работните места во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон Скопје.**

**Член 9**

Во табеларниот приказ на работни места во **СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ – ПРАВНИ РАБОТИ** во работното место со реден број 7 шифра ЗДР 01 02 Г01 014 и звање на работно место Архивар I во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители - 1;

**Член 10**

Во табеларниот приказ на работни места во **СЕКТОР ЗА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И СМЕТКОВОДСТВО** во работното место со реден број 16 шифра ЗДР 01 02 Г01 005 и звање на работно место самостоен референт – сметководител се менува и гласи **:**

| | |
|---|---|
| Реден број | 16 |
| шифра | ЗДР 01 02 В03 010 |
| ниво | Стручен - III ниво |
| Звање на работно место | Соработник - книговодител |
| Назив на работно место | Соработник - книговодител |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо – економски науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно, квалитетно да ги извршува работите од својот делокруг |
| Работни задачи | - Проверува дали потребните документи се ликвидирани;<br>- ги предава налозите за книжење на раководителот за потпис и се грижи за навремено давање налози;<br>- води главна книга и врши книжење на сите примени налози за книжење на картици од главната книга; |

| | |
|---|---|
| | - се грижи за ажурно и точно евидентирање на сметководствените настани, врши усогласување на аналитичка евиденција со синтетичка евиденција;<br>- ги прима сите надворешни фактури за набавени материјали, ситен инвентар, основни средства и друга документација за извршени услуги за сметка на ЈЗУ УСКЦ, ја спроведува нивната суштинска и формална исправност и веродостојност, истите ги ликвидира со ставање одреден штембил и свој потпис и ги книжи;<br>- врши евиденција на вирманските налози и патни сметки. |
| Одговара пред | Раководителот на секторот за материјално финансиско работење и сметководство |

**Член 11**

Во табеларниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА БОЛЕСТИ НА ЗАБИТЕ И ЕНДОДОНТОТ,** во работното место со реден број 39 шифра ЗДР 03 01 А11 002 и звање на работно место доктор на стоматологија – специјалист - примариус во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители - 2;

**Член 12**

Во табеларниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ОРАЛНА ХИРУРГИЈА, ИМПЛАНТОЛОГИЈА И РТГ,** во работното место со реден број 52 шифра ЗДР 03 01 А16 002 и звање на работно место доктор на стоматологија - магистер во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители – 4

**Член 13**

Во табеларниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ОРАЛНА ХИРУРГИЈА, ИМПЛАНТОЛОГИЈА И РТГ,** по работното место со реден број 57 шифра ЗДР 03 01 Б03 003 и звање на работно место Дипломиран радиолошки техничар, се додава ново работно место Здравствен соработник со реден број 57а и гласи **:**

| | |
|---|---|
| Реден број | 57а |
| Шифра | ЗДР 03 01 Д05 002 |
| Ниво | Д05 |
| Звање на работно место | Стручен соработник - биолог |
| Назив на работно место | Стручен соработник - биолог |

| | |
|---|---|
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Биологија |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Организација и обезбедување на санитарно-хигиенско услови, дезинфекција и спречување на болнички инфекции со цел безбедно и квалитено пружање на зравствени услуги во ЈЗУ. |
| Работни задачи | - организира и учествува во изготвување, ревидирање и контролирање на постапки на хигиена и дезинфекција на простории;<br>- организира изведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација од овластена изституција,<br>- учествува во формирање на општа листа на дезинфициенси, листа на дезинфициенси спрема намена и ниво на ризик и упатство за примена на истите;<br>- врши контрола на постапки на припрема и изведување на стерилизација, контрола на асептични и хигиенски постапки со медицински пробор;<br>- контролира постапување со медицински отпад;<br>- регистрира болнички инфекции и врши други работи во врска со контролирање и испитување на интрахоспитални инфекции ;<br>- организира здравствено хигиенски прегледи на персоналот;<br>- врши обука на здравствен и помошен персонал за мерките за спречување и сузбивање на болнички инфекции;<br>- се придржува на протоколите за работа во клиниката. |
| Одговара пред | Раководител на Клиниката за орална хирургија, имплантологија и РТГ |

**Член 14**

Во табеларниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ФИКСНА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА И ФИКСНА ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА,** во работното место со реден број 59 шифра ЗДР 03 01 А02 002 и звање на работно место доктор на стоматологија – редовен професор со докторат во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители – 4

**Член 15**

Во табеларниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ФИКСНА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА И ФИКСНА ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА,** во работното место со реден број 65 шифра ЗДР 03 01 А14 002 и звање на работно место доктор на стоматологија – специјалист во делот број на извршители, се менува и гласи :

- број на извршители – 4

**Член 16**

Во табеларниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА МОБИЛНА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА И МОБИЛНА ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА,** во работното место со реден број 84 шифра ЗДР 03 01 Б03 007 и звање на работно место – друг дипломиран здравствен работник со високо стручно образование во делот број на извршители, се врши исправка на техничка грешка, се менува и гласи :

- број на извршители – 5

**Член 17**

Во табеларниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА,** во работното место со реден број 89 шифра ЗДР 03 01 А08 002 и звање на работно место – доктор на стоматологија – асистент со докторат се менува и гласи :

| | |
|---|---|
| Реден број | 89 |
| Шифра | ЗДР 03 01 А12 002 |
| Ниво | А12 |
| Звање на работно место | Доктор на стоматологија - специјалист магистер |
| Назив на работно место | Доктор на стоматологија - специјалист магистер |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Медицински науки и здравство (стоматологија) |
| Други посебни услови | - лиценца за работа,<br>- уверение за положен специјалистички испит по детска и превентивна стоматологија или субспецијалаист,<br>- уверение за стекнато звање магистер,<br>- положен стручен испит |
| Работни цели | Квалитено и навремено пружање на зравствени услуги од областа на стоматологијата, образовната и научно истражувачката дејност |

| | |
|---|---|
| Работни задачи | - Обавува стоматолошка здравствена дејност од својата специјалност;<br>- одредува дијагностички и терапевтски постапки за пациентите, учествува во спроведување на истите и врши надзор над истите;<br>- зема активно учество на стручни и други состаноци;<br>- води стручно-медицинска документација за пациентите;<br>- одговара за својата стручна работа, одговорен е за соодветно давање на услуги на пациентите и почитување на Законот за заштита на правата на пациентите;<br>- ги следи современите достигнувања во стоматологијата и предлага и учествува во нивно воведување во работењето на клиниката (воведување на нови дијагностички методи, нови услуги за корисниците),<br>- се придржува на протоколите за работа во клиниката. |
| Одговара пред | Раководителот на клиниката |

**Член 18**

Во табеларaниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА,** по работното место со реден број 97 шифра ЗДР 03 01 Г01 003 и звање на работно место Медицинска сестра анестетичар, се додава ново работно место Здравствен соработник со реден број 97а и гласи **:**

| | |
|---|---|
| Реден број | 97а |
| Шифра | ЗДР 03 01 Д06 009 |
| Ниво | Д05 |
| Звање на работно место | Дипломиран социјален работник |
| Назив на работно место | Дипломиран социјален работник |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Социологија |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Соработка и помош на пациенти, безбедност и заштита на вработените со цел квалитетно и навремено пружање на зравствени услуги. |
| Работни задачи | - организација во врска со безбедност и заштита при работа;<br>- соработка со овластеното лице за прием на поплаки од пациенти;<br>- овластена е за организација на слободен пристап на информации од јавен карактер; |

| | |
|---|---|
| | - врши ажурирање на постоечката страна, медиумска покриеност и покриеност на социјалните мрежи;<br>- соработува и ги насочува семејствата на пациентите кои се лица со пречки во развојот;<br>- соработува со институции –домови за згрижување на деца, детски градинки и основни училишта со цел организирање на стоматолошка здравствена заштита на децата;<br>- соработува со невладини организации во вршењето на својата дејност,<br>- изготвува план за подигнување на квалитетот на здравствените-стоматолошките услуги и подигнување на нивото на институцијата,<br>- изготвување на квалитетни и одржливи семејни пакети на здравствени - стоматолошки услуги за пациентите. |
| Одговара пред | Раководител на Клиниката за детска и превентивна стоматологија |

**Член 19**

Во табеларaниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ОРТОДОНЦИЈА И ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА**, во работното место со реден број 104 шифра ЗДР 03 01 А14 002 и звање на работно место – доктор на стоматологија - специјалист во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители – 7

**Член 20**

Во табеларaниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ОРТОДОНЦИЈА И ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА,** во работното место со реден број 108 шифра ЗДР 03 01 Г03 014 и звање на работно место – стоматолошка сестра во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители – 7

**Член 21**

Во табеларaниот приказ на работни места во **СТРУЧНА СЛУЖБА – ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ – ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ - КЛИНИКА ЗА ОРТОДОНЦИЈА И ЗАБОТЕХНИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА,** во работното место со реден број 111 шифра ЗДР 03 01 Г03 019 и звање на работно место – забен техничар се во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители – 7

**Член 23**

Во табеларaниот приказ на работни места во **ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ЛИЦА,** во работното место со реден број 114 шифра ЗДР 04 01 А03 001 и звање на работно место – Работник за техничко одржување на објектите - водоинсталатер се брише работното место.

**Член 24**

Во табеларaниот приказ на работни места во **ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ЛИЦА,** во работното место со реден број 116 шифра ЗДР 04 05 А03 001 и звање на работно место – Чистач во здравствени простории во делот број на извршители, се менува и гласи **:**

- број на извршители – 17

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 02-3224/1

13.12.2019 година

Претседател на Управен одбор на
ЈЗУ Универзитетски стоматолошки
клинички центар Свети Пантелејмон
Скопје

Заменик претседател

Дипл. прав. Гордана Максимовска

УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“
QENDRA KLINIKE UNIVERZITARE E STOMATOLOGJISË “SHËN PANTELEJMON”
UNIVERSITY DENTAL CLINICAL CENTER “ST. PANTELEJMON”

**Член 22**

Во табеларниот приказ на работни места во **ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ЛИЦА,** во работното место со реден број 112 шифра ЗДР 04 01 Б03 001 и звање на работно место – Електротехничар за одржување на опремата се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 112 |
| шифра | ЗДР 04 01 Б03 001 |
| ниво | Одржување на опрема – III ниво |
| Звање на работно место | Електро техничар за одржување на опремата |
| Назив на работно место | Електро техничар за одржување на опремата |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Средно – машинска, електротехничка или металуршка струка |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно, квалитетно да ги извршува работите и задачите со цел навремено и квалитетно фунционирање на опремата за стоматолошко мработење и објектот на ЈЗУ |
| Работни задачи | - Одржување на објектот и опремата за стоматолошко работењево ЈЗУ,<br>- одржување на компресорските места, ги одржува стоматолошките работни места, стоматолошките столици и работните места во заботехничките лаборатории,<br>- ги одржува и поправа насадници, колењаци, вакум аспиратори, дренажи, стерилизатори, афтоклави, машини за дезинфекција и други апарати кои се користат во стоматолошкото работење и монтира нова апаратура,<br>- врши превентивна проверка и одржување со цел навремено отстранување на непредвидени дефекти од друга природа,<br>- ракување и одржување на електро енергетски постројки и инсталации,<br>- одржување на боци под притисок, плинска инсталација, воздушна инсталација за компримиран воздух, менување на боци со кислород во операциони сали, поправка на апарати во инфективно одделение,<br>- секојденевно пуштање и гасење на компресори и плинска и воздушна инсталација,<br>- работи со останатиот персонал во сервис за отклонување на дефекти од друга природа и<br>- останати водоводџиски работи. |
| Одговара пред | Раководител на сектор за ИТ системи и подршка |

+389 2 3299 000
www.univdentalclinic.org.mk
contact@univdentalclinic.org.mk